РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Национална установа Центар за култура
Никола Јонков Вапцаров
Бр. 04-313/1
11.05 2026 год.
ДЕЛЧЕВО

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ – Делчево

Врз основа на член 76-а став (1) и став (2), член 76-д, член 76-ѓ, член 76-е,член 76-ж член 77-а став (1) и став (2), член 77-б, член 77-в, член 77-г, член 77-д и член 77-ѓ од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24), член 22 и член 23 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 39/25), член 3 и член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), Правилникот за формата и содржината на на јавниот оглас и и на пријавата за вработување на давателите на јавните услуги во НУ Центар „Никола Јонков Вапцаров“ бр.02-13/1 од 27.01.2022 година, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и новото на работно место за кое е објавен оглас од НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“- Делчево бр. 02-13/2 од 27.01.2022 година и одредбите од Правилникот за задолжителни елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.242/24), известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр. 19-2505/2 и 19-2951/2 од 09.04.2026 година, 19-2506/2 и 19-2952/2 од 09.04.2026 година, 19-2508/2 и 19-2953/2 од 09.04.2026 година, 19-2509/2 и 19-2956/2 од 09.04.2026 година, 19-2510/2 и 19-2955/2 од 09.04.2026 година и 19-2887/2 од 27.04.2026 година и **Одлуката за објавување оглас со бр. 04-312/1 од 11.05.2026 година**, директорот на НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“- Делчево објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ БР. 04-313/1/2026

**I.** Национална установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“ - Делчево има потреба од вработување на 4 (четири) лица даватели на јавни услуги во културата и 2(две) помошно технички лица, на неопределено време за следниве работни места:

**1. Кустос,** со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 002.....(1) еден извршител,
**2. Водич,** со шифра на работно место КУЛ 03 04 Д03 007 .....( 1) еден извршител,
**3.Соработник за драмска дејност**, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Г03 003 .....( 1) еден извршител,
**4.Соработник за меѓународна соработка**, со шифра на работно место КУЛ 03 04 Г03 008 .....( 1) еден извршител,
**5.Домаќин**, со шифра на работно место КУЛ 04 01 Б02 003 .....( 1) еден извршител,
**6.Осветлител**, со шифра на работно место КУЛ 04 01 А01 007 .....( 1) еден извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:

**II. Општи услови кои треба да ги исполнува кандидатот се:**

- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Покрај доказите за исполнетост на општите услови за вработување, кандидатот треба да достави и докази за исполнетост на посебните услови и тоа:**

**За работно место со реден број 1:**

- Да има завршено Хуманистички науки – Историја и археологија, најмалку 240 кредити стекнати според

ЕКТС или завршен VII/1степен ;
- До една година работно искуство;

**За работно место со реден број 2:**
- Да има завршено Хуманистички науки – Јазици и книжевност или Историја и археологија, најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1степен ;
- До една година работно искуство;

**За работно место со реден број 3:**
- Да има завршено Хуманистички науки – Јазици и книжевност или Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1степен ; или Средно уметничко образованиеа, - До една година работно искуство;

**За работно место со реден број 4:**
- Да има завршено Хуманистички науки – Јазици и книжевност најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1степен ; или Средно гимназиско образование , - До една година работно искуство;

**За работно место со реден број 5:**
- Да има завршено најмалку средно образование ;
- Без работно искуство

**За работно место со реден број 6:**
- Да има завршено најмалку средно образование - гимназија;
- Без работно искуство

**Посебни работни компетенции за работните места со реден број 1,2,3 и 4:**
**-Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски);**

**III.Распоред на работно време:** Дневно работно време за огласените работни места е во траење од осум часови дневно (согласно програмски потреби за проби, активности како и одржување на програмски манифестации, двократно), односно 40 часа неделно.

**IV.Месечна нето плата без минат труд**
1.Кустос- 54.612 денари
2.Водич – 54.612 денари
3.Соработник за драмска дејност – 46.255 денари
4.Соработник за меѓународна дејност – 46.255 денари
5.Домаќин – 39.326 денари
6.Осветлител – 40.805 денари

Рок за доставување на **пријавата** со потребните документи изнесува 5 (пет) работни дена за работните места под реден број 5 и 6, додека за работните места под реден број 1,2,3 и 4 рокот изнесува 15 (петнаесет) дена, сметано од наредниот ден од денот на објавување на огласот (не сметајќи го денот на објавување на огласот). Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Пријавата за јавниот оглас за сите работни места може да се подигне од архивата на Национална установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров"- Делчево. При поднесувањето на пријавата кандидатот го наведува бројот на работното место за кое се пријавува.

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци. **Кандидатите заедно со пријавата треба да ги достават потребните документи за исполнување на општите и посебните услови:**
- Уверение за државјанство ( не постаро од 6 месеци)
-Диплома за завршено образование или уверение, оргинал или копија заверена кај нотар
-Потврда дека не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци)
-Лекарско уверение за општа здравствена состојба на кандидатот (не постаро од 6 месеци)
-Доказ за работно искуство ( доколку е наведено во посебните услови)
-Сертификат за Познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

Сите документи треба да бидат доставени во оригинал или преписи заверени на нотар.

Некомплетно или ненавремено поднесени документи нема да се разгледуваат.

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас за работните места под број 1и 2 и интервју.

Кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција имаат право да продолжат на интервјуто и ќе бидат контактирани за местото, времето, начинот и датумот на одржувањето на

интервјуто.
Изборот на кандидатите за работните места ќе го изврши директорот на НУЦК„Никола Јонков Вапцаров“ - Делчево во рокот определен во член 23 став (2) од Закон за работни односи за што писмено ќе ги извести кандидатите кои се пријавиле на огласот.
**Пријавата за вработување за сите работни места содржи:**
-Податоци за кандидатот (име и презиме, матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, адреса и место на живеење, електронска адреса на кандидатот, контакт телефон), како и кратко мотивациско писмо
- кратка биографија;
-Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
-Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно;
Пријавата со потребните документи кандидатите да ја достават до архивата на Национална установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“ – Делчево во затворен плик, заклучно со последниот ден до 16:30 часот или по пошта на адреса: Национална установа Центар за култура „Никола Јонков Вапцаров“ – Делчево, ул. Светозар Марковиќ“ бр. 1, 2320 Делчево (со назнака за „јавен оглас број 04-313/1 од 11.05.2026 година ), тел. за контакт **+389 70922316лице за контакт :**Славчо Јосифовски

**НУЦК ”Никола Јонков Вапцаров“ - Делчево**
**Директор, Златко Начовски**

